Сертификација
МКС EN ISO/IEC 17021
CT - 009
Certification

Записник од работен состанок на
членовите на Националното координативно тело за имплементација на Стратегијата за Ромите во Република Северна Македонија
одржан на 13 јули 2023 година

Присутни:

Мабера Камбери, Нахида Зекирова – Министерство за труд и социјална политика (МТСП), Елвис Мемети - Влада на Република Северна Македонија, Арабела Иљаз - Министерство за образование и наука (МОН), Дениз Селмани - (НВО Ромалитико), Сузана Камческа - Министерство за транспорт и врски (МТВ), Сања Саздовска – Министерство за здравство (МЗ), Вељка Јуран - Агенција за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ)

## Дневен ред

1. Информација за имплементација на активностите во ресорните министерства во рамки на Стратегијата за инклузија на Ромите, во периодот април - јуни 2023 година

2. Дискусија по однос на други прашања

По презентирањето и прифаќањето на точките од дневниот ред предвидени за работната средба од страна на присутните средбата започна со работа по предвидениот тек.

На почетокот на состанокот се информираше за важноста и значењето на работата на Националното координативно тело посебно во процесот на

скринингот на Македонија во претпристапните преговори за прием на земјата во Европската Унија.

За работата на Националното координативно тело се информира Владата на Република Северна Македонија двапати годишно.

Од страна на МТСП се информира по однос на реализираните активности во изминатиот период и поважните настани што следуваат.

Подготвена е и доставена на усвојување Информација на Влада за подготовката на Националните Акциони планови по однос на приоритетните области од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 и се очечува нивно усвојување.

Со почеток на преговорите зголемени се обврските и барањата за извесување до МНР, СЕП, канцеларијата на ЕУ.

Во рамки на проектот Инклузија на деца Роми во предучилишно образование за учебната 2022/2023 година, потпишани се трипартитни договори за соработка помеѓу општините, детските градинки и МТСП, со вкупно 21 општини, од предвидениот таргет од 24 општини опфатени со усвоена Препорака од Влада на Република Северна Македонија за ослободување од партиципација на деца Роми што се во социјален ризик со поддржано учество на единиците на локална самоуправа.
Заклучно со јуни 2022 бројот на запишани деца Роми во детските градинки на национално ниво е 402 деца, од нив 190 деца со Препораката од Влада на Република Северна Македонија.

По однос на решавањето на проблемот со неевидентираните лица во матична книга на родени останува дадена е насока да се формираат повторно мобилни тимови кои ќе работат на терен.

До крајот на јуни 2022 година се реализираа терենски работни средби со институции на локално ниво за презентација на Законот за лица неевидентирани во матична книга на родени, со претставници од МТСП, МВР и УВМКР.

Потребно е од привремен регистер лицата да се префрлат во редовен регистер.

Од 650 лица идентификувани на терен 320 имаат добиено привремен извод на родени.

Донесени се измени во Постојниот закон за матична книга на евиденција.

Преку проектот што го спроведува ЕПИ теренски да се координираат и да се најдат лицата до 650 .

Во декември 2023 година ќе се одржи конференција на која ќе биде доделена награда за МВР по однос на решавањето на без државјанството во Република Северна Македонија. Се очекува до септември тој проблем да биде целосно решен и земјата да биде прва земја во регионот во решавањето на ова прашање.

Во периодот јануари – јуни 2023 година, функционираат 7 Ромски Информативни Центри (Гостивар, Делчево, Кочани, Неготино, Кичево, Битола и Шуто Оризари).

Во септември 2023 година во Скопје ќе се одржи Четвртата Министерска Конференција за интеграција на Ромите, на која присуствуваа Министри од Албанија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Република Северна Македонија, на која се презентираа активностите кои се имплементираат во однос на областите од Познан Декларацијата.

Во ноември 2023 година се планира да се одржи 9тата Меѓународна конференција за жените Ромки со поддршка на Совет на Европа. Во оваа насока потребно е обезбедување на учество на женски ромски организации.

Дадена е информација дека во ИПА 2024 се прават подготовки за поддршка на Ромите со околу 5,5 милиони со избор на 3 општини. Ќе биде поддржано продолжување на социјалното мапирање и ќе биде поддржана изработка на Visibility Study во 5 општини.

Околу 50% од креираните мерки во Акциониот план за жената Ромка ќе бидат финансиски поддржани од Институт за човекови права Лудвиг Болцман.

МОН, во Министерството за образование и наука тековно се реализираат планираните проекти во делот за подобрување на образованието кај децата Роми.

Министерството за образование и наука (МОН) го зголеми бројот на ангажирани ромски образовни медијатори во РСМ, со што во моментот е распишан Јавен повик за ангажирање на 40 ромски образовни медијатори во 28 општини.

Во средното образование продолжува реализацијата на јавната политика на Роми Законот за ученички стандард преку доделување на стипендии за средношколци Роми во 4 категории. За учебната 2022/2023 година доделени се 920 стипендии на средношколци Роми, и предвидено е зголемување на износот на стипендиите во сите 4 категории.

По примерот на средношколските стипендии МОН доделува и стипендии за студенти Роми од јавните и приватните високообразовни установи и универзитети. За академската 2022/2023 година доделени се 135 стипендии за студенти Роми, а во рамките на академската 2023/2024 година бројот на стипендии останува ист, меѓутоа нивниот износ се зголемува од 5000 денари месечно на 6000 денари месечно.

Во континуитет се работи на донесување на Законот за средно образование каде се дефинирани ромските медијатори во средно, за кои МОН има обезбедено средства од самиот почеток на креирање на новата национална Стратегија за Роми 2022 – 2030 и Националните акциски планови за образование.

МТВ, во делот за домување го спроведува Проектот за изградба на станови наменети за лица во социјален ризик и други ранливи групи. Во текот на 2023

година (во месец февруари) од страна на Министерството за транспорт и врски објавени се јавни огласи за распределба на социјални станови во Гевгелија – 1 објект со 52 стана и Демир Капија – 1 објект со 16 стана. Постапката за распределба на социјалните становите е завршена односно на 28 април 2023 година донесени се конечни ранг листи за распределба на становите во Гевгелија (доделени 28 стана) и Демир Капија (доделени 6 стана).

Во рамки на проекти од доменот на комуналната инфраструктура во 2023 година, на предлог на Министерството за транспорт и врски од страна на Владата на Република Северна Македонија донесена е Програма за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2023 година.
Средствата за реализација на оваа Програма се утврдени со Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година во износ од 20 милиони денари и истите се наменети за реализација на проекти од комуналната инфраструктура за места населени претежно со ромско население. Корисници на овие средства се единиците на локалната самоуправа во кои има места населени претежно со ромско население.

Врз основа на оваа Програма, од страна на Министерството за транспорт во март 2023 е објави јавен повик за единиците на локалната самоуправа за поднесување на барање за користење на средствата за поддршка на имплементацијата на Стратегијата за Ромите.

Во мај 2023 година е доставена до Владата на Република Северна Македонија Предлог - Одлука за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година за поддршка на имплементацијата Стратегијата за Ромите.

Од страна на Владата на РСМ донесена е Одлука за распределба на средствата сл.весник бр. 138/23 (во анекс / листата на општини).

МЗ, по однос на подобрување на пристап до здравствена заштита и услуги, со фокус на унапредување на женското здравје. Потребно е да се насочат активности за заедницата и да се изнајде системско решение за ангажман на гинеколог во општината Ш.Оризари. Дадена е насока во Собрание да се отвори расправа за женското здравје и да се разгледа Законот за здравствено осигурување.

АВРСМ, во АВРСМ заклучно со 30.06.2023 година, евидентирани се 10851 невработени лица (активни баратели на работа) Роми и 1560 други лица кои бараат работа Роми. Најголем дел од невработените Роми кои се на евиденција на невработени лица на АВРСМ имаат неповолна образовна структура (92,4% се без образование и со основно образование) и имаат потреба од дополнително образование и обуки за да можат успешно да се вклучат на пазарот на трудот.

Во тек е реализацијата на мерките од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година: Поддршка за

самовработување (претприемништво), Поддршка за креирање на нови работни места, Обуки, Обуки за развој на дигитални вештини, Практикантство, Програма за работно ангажирање, Економија на грижа, Поддршка за креирање на нови работни места преку зелени инвестиции, Исплата на младински додаток и Втора шанса (пилот мерка). Заклучно со јуни 2023 година, склучени се 109 договори за учество во активните програми и мерки за вработување за невработените лица Роми. За дел од активните програми и мерки за вработување сеуште се во тек фазите на аплицирање и селекцијата на кандидатите.

Во 2023 година во периодот до 30.06.2023 во рамките на имплементацијата на Оперативниот план дадени се 1608 услуги за невработени лица Роми), преку вклучувањето во услугите Помош при барање работа, Мотивациски обуки, Професионална ориентација и кариерно советување, Посредување при вработување и услугата СИМ - советување и мотивација за корисници на гарантирана минимална помош.

Во програмата Гаранција за млади (ГМ) во 2023 година (заклучно со јуни 2023 година), вклучени се 691 млади невработени лица Ром, од кои 147 лица успешно излегле од ГМ (138 лице вработени и 9 лица вклучени во некоја од активните мерки за вработување кои не водат кон директно вработување, во период од 4 месеци.

АВРСМ ги спроведува и проектите на Владата на Република Северна Македонија - Проектот за самовработување со кредитирање и Проектот кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање на нови работни места. Корисници се сите невработени лица, меѓу кои се вклучени и припадниците на ромската заедница.

Заклучоци:

1. УВМКР има обврска преку МВР да ја информира Владата за процесот на внесување на лицата во посебната книга на родени.

Изработил:

Нахида Зекирова

Одделение за имплементација на Стратегијата за Роми